# MONKEY PALACE
# ПРАВИЛА




## ЦЕЛ НА ИГРАТА

Во „Monkey Palace" се натпреварувате да ги изградите најдобрите скалила за Палатата на мајмуните. Целта на играта е да освоите што е можно повеќе банана-поени.

Колку повисоки скалила изградите и колку повеќе сводови користите за вашите скалила, тоа значи ќе употребите повеќе градежни материјали и што е најважно ќе добиете повеќе банана-поени.

Играта завршува кога ќе се потрошат сите градежни материјали.



# СОДРЖИНА

### ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ

80 сводови




80 тули




16 столбови




### ДЕКОРАТИВНИ ТУЛИ

32 бамбусови листови и 16 златни тули




### ЖИВОТНИ

1 мајмун




1 пеперутка




1 жаба




### ОСТАНАТИ ТУЛИ

4 аголни тули




1 основна табла




### КАРТИ

67 Мајмун-карти



14 Бонус-карти



3 Трофеј-карти



### ОСТАНАТИ КОМПОНЕНТИ

4 Табли за играчи



1 Остава за градежни материјали



2 листа со 4 мапи (1-4)



Скенирајте го QR кодот да гледате видео со правила на други јазици:

dottedgames.com/monkeypalace





**ПОСТАВУВАЊЕ НА КАРТИТЕ**



## ПОСТАВУВАЊЕ НА ИГРАТА

1. Поставете ги **градежните материјали** во соодветните прегради на **оставата за градежни материјали.**



2. Поставете ги четирите **аголни тули** на основната табла како на прикажаното.



3. Изберете една од **мапите** и ставете ја на основната табла. За вашата прва партија препорачуваме да ја употребите мапата број 1 (видете го бројот во аголот).



4. Ставете една **тула и два сводови** од која било боја на површините на мапата означени со бело. Ставете **златна декоративна тула** на крајот на скалилата.



5. Можете да ги ставите **декоративните тули** на масата или забавувајте се и изградете кул џунгла со нив околу мапата додека овие тули не ви бидат потребни во играта.

6. Ставете ги **жолтите бонус-карти** во едно купче.

7. Ставете го **мајмунот** на **мајмун-трофеј-картата.**

8. **Пеперутката** и **жабата** се микро експанзии кои додаваат уште повеќе забава и разновидност. Ви предлагаме да изиграте неколку партии пред да ги вклучите во играта. Доколку изберете да играте со една или со двете фигури, ставете ја пеперутката на **трофеј-картата со пеперутка** и жабата на **трофеј-картата со жаба.**

9. Во горниот лев агол на **мајмун-картите** можете да ја видите нивната вредност (мајмунски кредити). Подредете ги мајмун-картите по вредност и боја **како што е прикажано на фотографијата погоре.**



Ставете ги повеќебојните мајмун-карти со вредност **1 и 2 мајмунски кредити** во две одделни купчиња. Ставете ги мајмун-картите со вредност **3, 4 и 5 мајмунски кредити** во девет одделни купчиња поделени по боја (светло зелена, темно зелена, и златна). Ставете ги разнобојните мајмун-карти со вредност **6 мајмунски кредити** во едно посебено купче.

10. Играчот кој последен јадел банана ја зема **таблата за играчи број 1** со градежните материјали прикажани на **задната страна** на таблата. Можете да изберете градежни материјали со различни бои или иста боја. Превртете ја таблата за играчи на **предната страна** и поставете ја пред вас.



*Предна страна* *Задна страна*

Одејќи во насока на стрелките на часовникот, следниот играч ја зема таблата за играчи број 2 и градежните материјали прикажани на задната страна и ја поставува со предната страна пред себе, потоа играчите 3 и 4 го прават истото.

**Сега завршивте со поставувањето на играта!**

# КАРТОК ПРЕГЛЕД НА ЕДЕН ПОТЕГ

Играта се игра во рунди, а во секоја рунда секој играч еднаш е на потег. На ваш потег, мора да ги следите чекорите опишани подолу. Секој чекор е детално објаснет на следните страници.

## 1 ИЗГРАДИ ЕДНИ СКАЛИЛА

Користете ги вашите градежни материјали за да изградите едни скалила во палатата на мајмуните. Забележете ја бојата на почетната точка на мапата под вашите скалила.



## 2 ДЕКОРИРАЈТЕ ГИ ВАШИТЕ СКАЛИЛА

На крајот од вашето скалило, поставете декоративна тула што одговара на бојата на почетната точка.



## 3 ИЗБРОЈТЕ ГИ МАЈМУН-КРЕДИТИТЕ

Пребројте го бројот на сводови што ги имате поставено во вашите скалила. Добивате мајмун-кредити колку што има сводови. Добивате и еден мајмун-кредит доколку вашата декоративна тула во вашите скалила е највисока од таа боја.



## 4 ЗЕМЕТЕ МАЈМУН-КАРТИ

Потрошете ги вашите мајмун-кредити за да земете мајмун-карти со иста боја како вашата декоративна тула. Мајмун-картите ви даваат градежни материјали и банана-поени.



## 5 ЗЕМЕТЕ ЕДНОКРАТНА ИСПОРАКА

Земете од градежните материјали со еднократна испорака.



## 6 ЗЕМЕТЕ ПОВТОРЛИВА ИСПОРАКА

Превртете ги мајмун-картите на страната на мајмуните и ставете ги на вашата табла за играчи. Земете од повторливата испорака на градежни материјали.



## 7 ЗЕМЕТЕ БОНУС-КАРТА

Доколку дел од вашето изградено скалило има висина од најмалку пет тули, земете бонус-карта.



## 8 ЗЕМЕТЕ ТРОФЕЈ-КАРТИ

Доколку сте активирале било која трофеј-карта на вашиот потег, земете ги трофеј-картата/картите.



**Вашиот потег завршува.**
**Играчот лево од вас е на ред.**



## 1 ИЗГРАДИ ЕДНИ СКАЛИЛА

Скалилата се состојат од **еден или повеќе сводови** и во многу случаи и на потпорни тули и столбови. Сводовите помагаат за искачувањето-градењето на скалилата нагоре. Скалилата мора да имаат **директен пат** почнувајќи од мапата, така што ќе имаат почетна точка и крај.




Кога ги градите скалилата, **секој свод што го поставувате мора да биде повисок** од претходниот и да има директна нагорна патека до врвот.



✔ *Скалила со нагорна патека*



✘ *Не се скалила- скалите немаат само нагорна патека*

**Тули и столбови** можат да бидат користени за поддршка или продолжување на скалилата.



Можете да користите **било колку од вашите градежни материјали** за да изградите скалила. Бојата на градежните материјали не е важна. Секој градежен материјал што нема да го користите во тековниот потег може да се зачува за следните ваши потези.

*Пример: Играчот 1 на првиот потег може да го изгради ова скалило со неговите два свода.*



*Пример: Играчот 2 на неговиот прв потег може да ги изгради овие скалила со неговите два свода и една тула.*



## ПРАВИЛА ЗА ГРАДЕЊЕ

### А. ПОЧЕТНА ТОЧКА

Скалилата **мора** да започнуваат од слободно копче на мапата.



### Б. ПОЧЕТНА ТУЛА

Скалилата може да започнат со било која градежна тула.



### В. КРАЈНА ТУЛА

Скалилата **мора** да завршат со свод.



### Г. ИЗГРАДИ НА БИЛО КОЈА ТУЛА

Можете да изградите на било која тула што има слободно копче, **како и на декоративните тули.** Но, не може да градите на двете централни копчиња на сводовите.





### Д. ПРИКАЧЕТЕ ГИ СКАЛИЛАТА

Скалилата **мора** да се прикачат на барем една од тулите кои се веќе на земјената мапа.



Многу ретко, играчот нема да биде во можност да ги прикачи своите скалила на постоечка градба на мапата. Во таков случај играчот ја зема неговата тековна испорака на градежни материјали и чека до следната рунда.

### Ѓ. ПОТПРИ ГИ СКАЛИЛАТА

Секоја градежна тула во твоите скалила мора да биде целосно потпрена.



### Е. СВОД ВРЗ СВОД - НЕ Е ДОЗВОЛЕНО

Не можете да ставате свод директно врз друг свод.



### Ж. НАСОКИ

Скалилата може да свртат за 90 степени.



### З. КОРИСТЕТЕ СВОДОВИ САМО ЗА ДИРЕКТНИ ПАТЕКИ

Скалилата мора да направат директна патека од земјината мапа до декоративната тула. Секој свод што го поставувате мора да биде директен чекор напред кон крајот на вашите скалила.

Затоа играчот не може да поставува сводови како потпорни тули за разгранување од директната патека.



**СОВЕТ:** *Можете да ја вртите таблата за играње за да ја видите од различни агли, и може да почнете одново ако додека градите сфатите дека има подобро место за градење на друго место на мапата.*





## 2 ДЕКОРИРАЈТЕ ГИ ВАШИТЕ СКАЛИЛА

Откако ќе ги изградите вашите скалила, мора да додадете декоративната тула што одговара на бојата на почетната точка на вашите скалила.

Ставете ја тулата за декорација на крајот од скалилата.






## 3 ИЗБРОЈТЕ ГИ МАЈМУН-КРЕДИТИТЕ

Пребројте го бројот на сводови во вашите скалила. Ќе добиете по **1 мајмун-кредит за секој свод** што сте го **ставиле** во скалилата кои штотуку сте ги изградиле. Доколку декоративната тула на скалилата што штотуку ги изградивте е моментално **највисоката од таа боја,** добивате **1 дополнителен мајмун-кредит.**




*Играчот 1 има изградено скалила со 3 сводови (3 мајмун-кредити) и има поставено највисоко светло-зелена декоративна тула (1 мајмун-кредит). Затоа, играчот 1 добива вкупно 4 мајмун-кредити.*

## 4 ЗЕМЕТЕ МАЈМУН-КАРТИ

Потрошете ги вашите мајмун-кредити за да земете мајмун-карта(и). Мајмун-картите што ќе ги земете **мора да одговараат на бојата на декораивтивната тула** на крајот од скалилата кои штотуку ги изградивте.



Сепак, можете да ги земете **повеќебојните карти** без разлика каква боја е декоративната тула на вашите скалила.




Може да земете **една или повеќе мајмун-карти** за вашите мајмун-кредити, но може да ја земете **само горната карта од секое купче.** Купчињата со карти може да останат без карти.

Не мора да ги искористите сите ваши мајмун-кредити, **но не можете да ги зачувате мајмун-кредитите** за вашиот следен потег.

Мајмун-картите имаат **описна и мајмун-страна:**




*Пример: Од темно зелена почетна точка, играчот 2 има изградено скалила со 6 сводови и има поставено темнозелена декоративна тула која не е највисо поставна темно-зелена декорација. Затоа, има 6 мајмун-кредити за трошење и може да избере да земе:*






*На почетокот на вашиот потег, обрнете внимание на бојата на почетната точка на вашите скалила. Тоа одредува кои мајмун-карти може да ги земете.*

## 5 ЗЕМЕТЕ ЕДНОКРАТНА ИСПОРАКА

Земете градежни тули како што е прикажано на описната страна од Мајмун-картите што ги земавте на овој потег.



= земете една тула **ИЛИ** свод

= земете столб



*За еднократна испорака играчот 1 може да земе 2 градежни материјали (било која комбинација помеѓу сводови и тули) како и 1 столб.*

Земете ја вашата повторлива испорака, како што е прикажано лево на вашата табла за играчи И на сите видливи горни мајмун-карти на вашата табла.




*Како негова повторлива испорака, играчот 1 може да земе 5 сводови и 4 тули.*

## 6 ЗЕМЕТЕ ПОВТОРЛИВА ИСПОРАКА

Превртете ги мајмун-картите на **мајмун-страната** и поставете ги на празните места на вашата табла.




Има простор за само **четири видливи мајмун-карти** на вашата табла за играчи. Кога имате повеќе од четири мајмун-карти, **мора да ги поставите новите мајмун-карти врз веќе поставените карти** на вашата табла.




Доколку земете **неколку мајмун-карти кога сте на потег** а вашата табла за играчи е полна, можете да ги поставите сите овие нови мајмун-карти една врз друга на таблата за играчи.

## 7 ЗЕМЕТЕ БОНУС-КАРТИ

На вашиот потег, ако дел од вашите скалила е со **висина од најмалку пет тули**, може да земете бонус-карта. Забелешка: столб се брои како три тули и сводовите не можат да бидат вклучени во броењето:



*Примери*



Бонус-картата ви дава 4 банана-поени. Може да земете само 1 бонус-карта на потег. Ставете ја вашата бонус-карта до вашата табла за да можат сите играчи да ја видат.



## 8 ЗЕМЕТЕ ТРОФЕЈ-КАРТИ

Трофеј-картите како и мајмунот, пеперутката и жабата, се елементи поврзани со различни акции на играчите. Трофеј-картите можат да се движат од играч до играч во текот на играта, а играчот кој ја има специфичната трофеј-карта на крајот од играта или добива или губи банана-поени.

Пеперутката и жабата се опционални и препорачуваме да одиграте неколку партии пред да ги употребите и нив.

### Мајмун

Ако сте поставиле **златна декоративна тула** на вашиот потег, вие мора да го поставите мајмунот на отворено крајно копче од **кој било свод** на кои било скалила за да ги блокирате вашите противници да градат таму. Земете ја **трофеј-картата Мајмун** во вредност од 2 банана-поени од средината на масата или од играчот кој моментално ја поседува. Ставете ја картата до вашата табла за играње.



*Можни места за поставување на мајмунот.*

### Пеперутката (опционално)

Доколку сте ја поставиле **највисоката декоративна тула од која било боја** (без нерешено), мора да ја поставите пеперутката на врвот на таа декоративна тула. Земете ја **трофеј-картата Пеперутка** во вредност од 2 банана-поени од средината на масата или од играчот кој моментално ја поседува. Ставете ја картата до вашата табла за играње.



*Поставување на пеперутката.*

### Жаба (опционално)

За време на вашиот потег може да ја земете **трофеј-картата Жаба**, која ви овозможува веднаш да **земете** дополнителен столб од оставата за градежни материјали. Само во моментот кога ќе ја земете трофеј-картата Жаба од средината на масата или од играчот кај кого е моментално, можете дополнително да земете столб. Оваа карта вреди -3 банана-поени.



*Поставување на жабата.*

Земете ја трофеј-картата Жаба, поставете ја до вашата табла за играчи и ставете ја жабата на **најниското слободно копче** на скалилата што ги изградивте на потегот.

# КРАЈ НА ИГРАТА

Крај на играта се активира кога **нема доволно градежни материјали од еден вид** за играчот да ги земе на крајот од својот потег. Сепак, играта продолжува до крајот на рундата, така што сите играчи да имаат еднаков број на потези.

Откако ќе заврши последната рунда, секој играч **ги превртува сите мајмун-карти** на својата табла за играчи и ги брои сите банана-поени на мајмун-картите, бонус-картите и трофеј-картите (мајмун, пеперутка, жаба).

Победник е играчот со **најмногу банана-поени**!

**Во случај на нерешен резултат,** победник е играчот со трофеј-картата Мајмун.

Ако ниту еден од играчите со најмногу поени ја нема трофеј-картата Мајмун, овие играчи ја делат победата.






Концепт за играта David Gordon & TAM
Илустратори : AMEET и Matthieu MARTIN
LEGO, the LEGO logo, the Minifigure and the Brick and Knob configurations are trademarks and/or copyrights of the LEGO Group. ©2024 The LEGO Group.